**20110551525**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 април 2011 година.

Бр. 07-2118/1
14 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10 и 24/11), во членот 28 став (1) точка 1 потточка 1.2 бројот „21,692“ се заменува со бројот „17,692“.

Во точката 2 потточка 2.1 бројот „12,121“ се заменува со бројот „10,121“.

Член 2

Одредбите од членот 1 на овој закон ќе се применуваат до 10 август 2011 година.

По истекот на периодот од ставот 1 на овој член ќе се применуваат износите на специфичната акциза од членот 28 став (1) точка 1 потточка 1.2 и точка 2 потточка 2.1 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10 и 24/11), кои биле во сила пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.